

# ЗАШТИТА НА ПРАВА НА ПАЦИЕНТИ

со фокус на лица со интелектуална попреченост

Во подготовката на брошурата учествуваше:

Републички центар за подршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА

Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА
www.poraka.org.mk

Здружение за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ
Максим Горки 20/1-4
1000 Скопје
тел: ++389 (0) 2 3298 295
факс: ++389 (0) 2 3211 453

esem@esem.org.mk
www.esem.org.mk

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

Брошурата е дел од проектот:
Човекови права во здравствената заштита

Правото на здравје е меѓународно признато право. За првпат е дефинирано од страна на Светската здравствена организација како „право на секое лице на најдобро физичко и ментално здравје што може да се постигне“.

Правото на здравје е најтесно поврзано со заштитата на правата на пациентите што претставуваат збир од права, одговорности и должности според кои поединците бараат и примаат здравствена заштита. Овие права во Република Македонија се предвидени со Законот за заштита на правата на пациентите.

# Права на пациенти

## Право на превентивни мерки

Превентивните мерки се активности што се преземаат со цел да се спречи некоја болест или состојба или да се намалат нивните последици.

Причините за појавата на интелектуална попреченост се многукратни и сложени (наследни, конгенитални и социјални) поради што е тешко да се издвои само еден фактор во нивната етиологија. Имајќи ги предвид последиците од појавата на интелектуална попреченост врз животот на поединецот, семејството и заедницата, очигледна е потребата од широк спектар превентивни мерки, кои во Република Македонија сѐ уште се недоволно развиени.

Пример:

Системот на здравствена заштита во Република Македонија вклучува пристап до:

• PRISCA - неинвазивен биохемиски скрининг на хромозомопатии, кој нема дијагностичка вредност туку калкулира ризик за појава на одредени нарушувања што доведуваат до појава на вродена интелектуална попреченост кај новороденче.

• Амниоцентеза - пренатална дијагностичка медицинска процедура  за иследување на хромозомски нарушувања во генетскиот кариотип на фетусот. Со употреба на оваа техника во раната бременост може да се утврдат хромозомски аберации кај фетусот што со сигурност предизвикуваат појава на интелектуална попреченост (на пример Даунов синдром).

## Право на пристап

Секој пациент има право на остварување на правата од здравствена заштита без дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус.

Интелектуалната попреченост не е опфатена како основа за дискриминација, но одредбите на овој закон се однесуваат и на лицата со интелектуална попреченост како корисници на здравствена заштита што би требало да имаат непречен пристап до редовни и специјализирани здравствени услуги и програми, соодветни на нивните потреби.

Пример:

Правото на пристап за лицата со интелектуална попреченост не се реализира соодветно поради тоа што:

- во Република Македонија недостасуваат специјализирани здравствени услуги, програми и сервисни служби за превенција, рано откривање, дијагностицирање, ран третман и рехабилитација на деца и лица со интелектуална попреченост;
- одредена возрасна група на лица со интелектуална попреченост се соочува со ограничен пристап во обезбедување на бесплатна здравствена заштита, лекување, третмани и лекови. Имено, Законот за здравствено осигурување обезбедува ослободување од учество при користење на услуги од здравствена заштита само за деца, односно за лица со интелектуална попреченост до 26-годишна возраст, но не и потоа;
- лицата со интелектуална попреченост се соочуваат со различни проблеми при набавка на потребните лекови: најчесто лековите се скапи, не се на позитивна листа или, пак, доколку се, не се достапни. Постои долга процедура за рефундирање на средствата за набавка на лековите.



## Право на информираност

Пациентот треба да биде целосно информиран за: неговата здравствена состојба, вклучително и за медицинската процена на резултатите и исходот од одредена медицинска интервенција; препорачаните медицински интервенции, како и планираните датуми за нивно спроведување; можните предности и ризици при спроведувањето, односно поради неспроведувањето на препорачаните медицински интервенции; своето право на одлучување за препорачаните медицински интервенции; можните замени за препорачаните медицински интервенции; причините за евентуалните разлики на постигнатиот резултат од медицинските интервенции во однос на очекуваниот резултат; текот на постапката при укажување на здравствената заштита; препорачаниот начин на живеење и правата од здравствена заштита и здравствено осигурување, како и постапката за остварување на тие права.

Сите информации мора да му се дадат на пациентот на разбирлив и на соодветен начин за него, со минимизирање на техничката, односно стручната терминологија за да се добијат важните податоци за третман на пациентот.

Право на информација има и пациент со трајно намалена способност за расудување, во согласност со неговата физичка, ментална и психичка состојба, како и неговиот старател или законски застапник.

Пример:

Лицата со интелектуална попреченост потешко ја разбираат стручната терминологија. Најчесто, родителот или старателот ги добиваат информациите, поради што е потребна нивна континуирана присутност во текот на медицинската интервенција или третманот. Исто така, комуникацијата помеѓу лице со интелектуална попреченост како пациент и медицинскиот персонал што треба да ја даде здравствената заштита во најголем број случаи е отежната. При користење на болничка здравствена заштита за дете/лице со интелектуална попреченост над тригодишна возраст, законската регулатива не овозможува придружник без партиципација во текот на хоспитализацијата. Ваквата поставеност ја ограничува и/или ја оневозможува комуникацијата помеѓу пациентот со интелектуална попреченост и медицинскиот персонал, како важен услов за ефективна здравствена заштита и третман.

## Право на согласност

Секој пациент има право да прифати или да одбие определена медицинска интервенција со потпишување на изјава. Правото на пациентот за учество во одлучувањето може да се ограничи по исклучок само кога е тоа оправдано со здравствената состојба на пациентот. За лицата со интелектуална попреченост, особено за оние со потежок степен на попреченост што не се во можност самите да ги застапуваат своите интереси, како и за оние на кои им е одземена деловната способност, изјавата ја потпишува неговиот родител, законскиот застапник, односно старателот.

Во случај кога интересите на пациентот и неговиот родител, законскиот застапник, односно старателот се спротивставени, здравствената установа е должна веднаш да го извести надлежниот Центар за социјални работи, кој треба да реши и да ги заштити интересите на пациентот.

Пример:

Многу ретко лицата со интелектуална попреченост се консултирани и се вклучени во давање согласност поради непостоење на механизми што би потврдиле дека лицето со интелектуална попреченост добило поддршка во разбирање на здравствената состојба и носење на одлуката за согласност за одредена медицинска интервенција.

## Право на почитување на личноста и достоинството

Здравствените работници треба кон сите пациенти да постапуваат со почит и сите пациенти треба да ги третираат подеднакво, без дискриминација по која било основа. Здравствениот работник треба да воспостави хумани (човечки) релации со пациентот што има интелектуална попреченост.

Пример:

Заради недоволна информираност и непознавање на карактеристиките на интелектуалната попреченост, но и постојните предрасуди, лицата со интелектуална попреченост и нивните родители честопати се соочуваат со  несоодветен однос од страна на здравствените работници и добивање на несоодветна и неквалитетна здравствена услуга. Исто така, користењето на застарена терминологија уште повеќе придонесува кон зголемување на предрасудите кон лицата со интелектуална попреченост и нивно поистоветување со ментално болни лица.

## Право на почитување на стандардите за квалитет

Право на почитување на стандардите за квалитет значи дека секој пациент има право на здравствена заштита која овозможува најдобри резултати при превенцијата/лекувањето, согласно достапните стручни и технички можности на медицината.

Во практиката тоа значи дека треба да бидат употребени најсовремени достапни методи и медицински материјали, да се користат достапните лекови произведени според строги стандарди итн., во согласност со протоколите пропишани врз основа на медицината базирана на докази.

Пример:

Проценката на специфичните потреби (категоризација) на лицата со интелектуална попречност, согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лица со пречки во физичкиот и во психичкиот развој, се врши во неколку регионални Комисии кои во својата работа применуваат застарен медицински модел и пристап кон лицата со интелектуална попреченост. Всушност, проценката е фокусирана на ограничувањата што ги има лицето со интелектуална попреченост, а не кон процена на потенцијалот на индивидуата со отворена можност за препорака за вклучување во соодветни развојни програми за развој на капацитетот на индивидуата.

## Право на избегнување на непотребно страдање и болка

Во медицината постојат процедури за дијагностицирање и лекување кои, за жал, предизвикуваат болка и големи непријатности. Честопати, силна болка и непријатности предизвикуваат и самите болести.

Тенденција во медицината е колку што е можно повеќе пациентите да се ослободат од болка и да се избегне непотребното страдање.

Пример:

Кај повеќето лица со интелектуална попреченост постои страв од посета на лекар, особено на стоматолог, што во голема мера е причина за лошиот дентален статус кај овие лица. Неколкумина стоматолози/орални хирурзи во Република Македонија се подготвени да изведат оперативни зафати под целосна анестезија, со цел да се намали болката и успешно да се заврши планираната интервенција.

## Право на пристап до медицинско досие

Пациентот може да изврши увид во своето медицинско досие и да добие препис од документите во досието или да овласти друго лице во негово име да изврши увид, како и да добие појаснување на податоците од медицинското досие.

Никој, освен медицинскиот персонал, не смее да изврши увид во медицинското досие на пациентот без негова согласност.

## Право на одржување контакти

Пациентите може да примаат посетители во согласност со куќниот ред на здравствената установа, а може и да се ограничат посети на едно или повеќе лица.

Пример:

Во рамките на своите надлежности, јавните и приватните здравствени установи обезбедуваат пристап до јавните гласила и медиумите (телевизија, радио, дневен печат и списанија) и телефонски приклучок (со дополнителна наплата) за своите пациенти.

## Право на второ стручно мислење и конзилијарно мислење

Пациентот секогаш може да побара второ стручно мислење за својата здравствена состојба од здравствен работник со најмалку иста стручна подготовка, а кој непосредно не учествувал во првичната медицинска интервенција над пациентот.

## Право на персонализирано лекување

Секој пациент има право на грижа, лекување и рехабилитација што се во согласност со неговите индивидуални потреби и способности. Здравствените работници треба максимално да ги приспособат медицинските интервенции според специфичните потреби на пациентите.

Пример:

Правото на персонализирано лекување е особено важно за лицата со интелектуална попреченост. Тие, нивните родители, старатели или законски застапници, треба да го информираат здравствениот работник за историјатот на болеста и за спецификите на попреченоста, како и за претходно преземените медицински интервенции, со цел лекувањето и третманот да бидат приспособени на потребите и карактеристиките на пациентот.

## Право на жалба

Доколку му е повредено некое право, пациентот има право на усна поплака, лично, преку родителот или преку неговиот законски застапник, до директорот на здравствената установа.

Исто така има право на писмена поплака до директорот на здравствената установа во рок од осум дена од денот на повредата на правото или од осознавањето за повреда на правото, а директорот е должен да ги испита наводите во поплаката во рок од 15 дена од денот на приемот на поднесокот и да го извести пациентот или неговиот законски застапник.

Пример:

Пациентот испраќа писмена поплака до директорот на здравствената установа во врска со постапувањето на здравствениот работник. Директорот, по разгледување на наводите, му укажува на здравствениот работник на грешката што ја направил и таа е коригирана во рамки на установата.

## Право на пристап до нови процедури на лекување и дијагностика

Здравствените установи треба да му овозможат на пациентот да го достигне највисокото можно лично ниво на здравје, во согласност со достапните методи и можности на медицината, преку употреба на нови и посовремени интервенции и третмани. Доколку одредена здравствена услуга не е достапна во земјата, на пациентот треба да му биде овозможено лекување во странство.

Пример:

Во Република Македонија недостасуваат нови специјализирани здравствени услуги (програми и сервисни служби за превенција, рано откривање, дијагностицирање, ран третман и рехабилитација на деца и лица со интелектуална попреченост), кои се секојдневна рутинска практика во земјите од регионот.

## Право на навремено лекување

Почитување на времето на пациентот значи дека секој пациент има право да користи здравствена заштита согласно итноста за лекување според медицински критериуми, односно според природата на болеста.

Во случај кога постојат листи на чекање за одреден преглед или операција, изборот и редоследот на прегледување/третман/оперирање мора да бидат строго врз основа на медицински критериуми, без дискриминација по која било основа.

## Право на доверливост и приватност

Секој пациент има право на доверливост (тајност) на личните и медицинските податоци, што мора да се чуваат во тајност и по неговата смрт, во согласност со прописите за заштита на личните податоци, освен кога пациентот дал писмена согласност; кога податоците се неопходни за медицинска интервенција на пациентот во друга установа; кога податоците се неопходни за обработка пропишана со закон, од страна на здравствена установа која обезбедува здравствени услуги на пациентот; и кога се користат во историски, научни, истражувачки или едукативни цели, со цел заштита на животите, безбедноста или здравјето на други лица, а под услов идентитетот на пациентот да не може да се открие.

Правото на приватност исто така овозможува при престој во здравствена установа пациентот да биде сместен со лица од ист пол, а доколку е малолетен да биде сместен одвоено од полнолетните пациенти, како и да употребува предмети за лична хигиена и други неопходни предмети согласно неговата здравствена состојба.



# ОБВРСКИ НА ПАЦИЕНТИТЕ

Секој пациент за време на својот престој во здравствената установа е должен, во согласност со состојбата на неговото здравје, да:

1. се грижи за сопственото здравје;
2. даде вистинити и доволен број податоци за својата здравствена состојба, согласно личниот капацитет и информираност;
3. им помага активно на здравствените работници што му укажуваат здравствена заштита;
4. постапува според советите на здравствените работници за неговата нега, третман и рехабилитација;
5. ги почитува правилата за однесување, односно куќниот ред во здравствената установа;
6. прифати ангажман, доколку е тој дел од неговата рехабилитација и ресоцијализација во функција на реактивирање на неговите социјални вештини и
7. го почитува професионалното и човечкото достоинство на здравствените работници.



# КАДЕ ДА ПОБАРАТЕ ПОМОШ ДОКОЛКУ НЕКОЕ ВАШЕ ПРАВО Е ОГРАНИЧЕНО ИЛИ ПОВРЕДЕНО?

- Доколку сметате дека одредено право Ви е повредено или ограничено во некоја од јавните болнички здравствени установи (болница, клиника, завод), побарајте дали во рамките на таа болница/клиника има ангажирано советник за заштита на правата на пациентите. Советникот може да Ви даде правен совет или да Ви помогне да поднесете усна/писмена поплака.

Доколку во болницата/клиниката нема советник или пак повредата се случила во неболничка здравствена установа (здравствен дом, здравствена станица), поплаката поднесете ја директно до директорот на таа установа.

- Директорот на установата, откако ќе ги испита наводите во поплаката, должен е да Ве извести за преземените мерки во рок од 15 дена.

- Доколку сметате дека директорот не ги презел потребните мерки, може да поднесете претставка до Министерството за здравство, кое е должно во рок од 15 дена да ги испита наводите во Вашата претставка и да Ве извести за преземените мерки.

- Истовремено може да поднесете барање за спроведување на инспекциски надзор и до Државниот санитарен и здравствен инспекторат, кој по спроведување на надзорот има овластување да ѝ нареди на здравствената установа и на здравствениот работник да преземат соодветни мерки и активности во зависност од видот на повредата на правото.

- Во рамките на општините се формирани Комисии за унапредување и заштита на правата на пациентите. До нив може да поднесете поплака, а тие се должни да ја разгледаат и да Ве упатат до надлежните органи за да може да Ви помогнат остварување на Вашите права.

- Доколку не сте задоволни со ниту еден од одговорите на спомenатите органи, може да поведете судска постапка пред надлежен суд.

- Доколку Ви е прекршено или ограничено право во областа на здравственото осигурување, побарајте помош во Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и неговите подрачни единици.



# КОЈ МОЖЕ ДА ВИ ПОМОГНЕ ДА СИ ГИ ОСТВАРИТЕ СВОИТЕ ПРАВА?

*Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
ул. Орце Николов бр.122, 1000 Скопје
Тел: 02/3296-961 Факс: 02/3296-960
poraka@t-home.mk www.poraka.org.mk

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Скопје*
Бул. „Јане Сандански“ бр.70 локал 1, 1000 Скопје, тел. 02/2451-008

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Тетово*
ул. „180“ бр.19/9, 1220 Тетово, тел. 075/258-979

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Куманово*
ул. „Живко Чало“ бр.41, 1300 Куманово, тел. 071/353-570

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Битола*
ул. „Даме Груев“ бр.99, 7000 Битола, тел. 071/368-402

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Прилеп*
ул. „Стеван Апостолски“ бб соба бр.5 - приземје, 7500 Прилеп, тел. 048/410-393

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Демир Хисар*
ул. „29ти Ноември“ бр.15, 7240 Демир Хисар, тел. 070/373-589

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Кавадарци*
Општинска зграда, 1430 Кавадарци, тел. 043/411-773

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Гевгелија*
ул. „Маршал Тито“ бб, 1480 Гевгелија, тел. 034/211-993

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Велес*
ул. „Благој Ѓорев“ бр.70/10, 1400 Велес, тел. 071/315-220

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Виница*
ул. „Пиринска“ бр.22, 2310 Виница, тел. 072/211-549

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Струмица*
ул. „Крушевска република“ бр.22, 2400 Струмица, тел. 071/311-804

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Дебар*
ул. „Лиман Каба“ бр.3, 1250 Дебар, тел. 070/468-944

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Крива Паланка*
ул. „Јане Сандански“ бр.30, 1330 Крива Паланка, тел. 071/267-263

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Делчево*
ул. „Острец“ бр.76, 2320 Делчево, тел. 071/707-885

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Радовиш*
ул.„Спасо Радовишки“ бб, 2420 Радовиш, тел. 032/635-826

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Штип*
ул. „Сутјеска“ бб, 2000 Штип, тел. 032/608-216

*Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Македонска Каменица*
ул. „Каменичка“ бб Општинска зграда, 2304 Македонска Каменица
071/856-039

## Здравствени установи

*Центар за следење на раст и развој на деца родени со ризик*
Бул. Крсте Мисирков бб, Скопје
02/3134-534, лок. 409
02/3134-661

*Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“*
Бул. Партизански одреди бр.60а, Скопје
02/3065-711
02/3068-307
02/3061-509

*Завод за физикална медицина и рехабилитација*
Ул. Елисије Поповски бр.28, Скопје
02/3176-584

*Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје*
Ул. Белградска бр.15, Скопје
02/3239-226

*Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола*
Ул. Елпида Караманди бр.28, Битола
047/224 479

Здружение за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ
Максим Горки 20/1-4
1000 Скопје
тел: ++389 (0) 2 3298 295
факс: ++389 (0) 2 3211 453

esem@esem.org.mk
www.esem.org.mk

Брошурата  е дел од проектот:
Човекови права во здравствената заштита




*електронската верзија на прирачникот
може да ја преземете на нашата страна:
www.healthrights.mk

ЗАПОЗНАЈТЕ СЕ СО:

- основите на човекови права во здравствена заштита преку Прирачникот за човекови права во здравствената заштита
- меѓународните и регионалните документи и механизми кои го гарантираат и штитат спроведувањето на правото на здравје
- домашното законодавство и начините за заштита на правото на здравје во нашата земја
- правата и обврските на здравствените работници во обезбедување на здравствена заштита
- правата и обврските на пациентите во остварување на здравствената заштита и здравственото осигурување
- релевантни публикации кои се однесуваат на различни здравствени прашања и пристап до здравствена заштита
- институциите кои работат на полето на обезбедување на здравствена заштита, здравствено осигурување и правна заштита во нашата земја.